

# МЕХАНИЗАМ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ НА ЈАГЛЕРОДОТ

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СТОКИ ОД ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА КОИ СЕ ИЗВЕЗУВААТ ВО ЕУ

### > Што е МПГЈ НА ЕУ?

МПГЈ НА ЕУ е важна алатка на ЕУ за да се одреди непристрасна цена за стакленичките гасови (СГ) кои се емитуваат во текот на производството на одредени стоки со висока потрошувачка на СГ, вклучувајќи ги **вештачките ѓубрива**, што влегуваат во ЕУ. Тоа ќе осигури дека климатските цели на ЕУ не се потценети и ќе охрабри почисто индустриско производство во земји што не се во ЕУ. **Од 1 октомври 2023**, Механизмот за прилагодување на границите на јаглеродот (МПГЈ НА ЕУ) важи во неговата транзициска фаза.

**! Како производител на производи од вештачки ѓубрива кои се извезуваат во ЕУ, вие треба да исполните клучна улога во имплементацијата на МПЈГ НА ЕУ и како резултат да се борите против климатските промени.**

### > Што значи ова за мене?

Откако МПГЈ НА ЕУ почна да се применува во неговата транзициска фаза, увозниците во ЕУ мора секое тромесечје да ги пријавуваат количествата на стоки од вештачки ѓубрива што ги увезуваат во ЕУ, емисиите на стакленички гасови испуштени при нивното производство (вградени во овие производи) и цената на јаглеродот што постои во земјата на потекло.

Како производител, ќе треба да ги поднесете гореспоменатите информации до увозниците за тие да можат точно да ги пријават вградените емисии на стоките што тие ги увезле во ЕУ. Ова исто така дава можност да се намалат емисиите на стакленички гасови во вашите производствени процеси и да се придонесе во борбата против климатските промени.

### > Како помага Европската Комисија?

За да ви помогне да се движите низ новиот систем во неговата транзициска фаза, Европската Комисија обезбедува оперативно водство, достапно на многу јазици, како и материјали за е-учење за вас и за вашите меѓународни трговски партнери.

За да се олесни размената на информации помеѓу вас и увозникот во ЕУ (или царинскиот претставник кој работи во име на увозникот), Европската Комисија создаде комуникациски образец во Excel. Образецот може да се користи како алатка за да се одредат вградените емисии на произведените стоки. Информациите на работниот лист кој претставува резиме потоа може да се споделат со увозникот во ЕУ. Работниот лист кој претставува резиме ги содржи информациите потребни од увозникот во ЕУ за тромесечниот извештај за МПГЈ. Достапни се примери на пополнети обрасци за различни сектори како и снимен курс за тоа како да се користи образецот на веб-сајтот на Комисијата за МПГЈ.

# СУШТИНСКИ ТОЧКИ ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА СТОКИ ОД ВЕШТАЧКИ ЃУБРИВА ДА ГИ ЗАПАМЕТАТ ВО ТРАНЗИЦИСКАТА ФАЗА НА МПГЈ НА ЕУ ПОЧНУВАЈЌИ ОД 1 ОКТОМВРИ 2023

## Производителите на вештачки ѓубрива ќе ги пренесат информациите до увозниците на ЕУ или нивните царински претставници кои мораат да известуваат на тромесечна основа:



**Количеството на производи од вештачки ѓубрива** (во тони) во рамките на МПГЈ НА ЕУ што е извезено во ЕУ во текот на претходното тромесечје.



**Директни емисии на $CO_2$** (плус емисии на азотен оксид за некои стоки од вештачки ѓубрива) вградени во текот на производството на стоки кои се извезуваат во ЕУ, на ниво на постројка или место на производство.



Индиректни емисии вградени во стоките што произлегуваат од производството на електрична енергија која е потрошена во текот на производството на овие стоки.



**Секаква цена на јаглерод што постои во земјата на потекло** за вградените емисии во увезените стоки, заедно со информации за рабат или други форми на компензација.



**Контекстуални информации за произведените стоки до МПГЈ** како што се патеката на производство и, во зависност од стоката, параметри карактеристични за секторот.

### > Кои стоки од вештачки ѓубрива спаѓаат под МПГЈ?

Стоките од вештачки ѓубрива кои спаѓаат во рамките на новите обврски за известување се детално дадени во Анекс I на регулативата за МПГЈ (ЕУ) 2023/956. Тие ги вклучуваат стоките од вештачки ѓубрива одредени од нивната Комбинирана номенклатура (КН) на пример: 2814 – Амонијак, анхидрозен или во воден раствор.

За да дознаете дали стоките што ги произведувате спаѓаат во рамките на МПГЈ, може да ја користите алатката за самопроценка за МПГЈ која наскоро ќе биде достапна на веб-сајтот на МПГЈ или може да ја користите консултативната алатка TARIC.

### > Како треба јас да ги одредам вградените емисии кај стоките со МПГЈ?

Методологијата за одредување вградени емисии на стоките со МПГЈ е определена во Имплементирачката регулатива (ЕУ) 2023/1773. Дополнително водство е достапно на веб-сајтот на МПГЈ, особено водството за оператори во трети земји и водството за конкретни сектори во форма на снимен вебинар и модул што содржи е-учење.

Гореспоменатата имплементирачка регулатива овозможува две флексибилности кога се одредуваат емисиите:

1. За увози до 31 декември 2024, вградените емисии на стоките може да се одредат со користење на други методи кои водат до слично покривање и точност. Тие може да бидат базирани на (а) шема за одредување на цена на јаглерод, (б) шема за задолжително следење на емисии, или (в) шема за следење на емисии во постројката.

2. Проценетите вредности (вклучувајќи ги и стандардните вредности) може да се користат за влезни материјали или подпроцеси со релативно мал придонес за вкупните вградени емисии на комплексни стоки (т.е. <20%).

### > Можам ли да ги пријавувам моите податоци директно до Европската Комисија?

Од јануари 2025 па натаму, оператори од трети земји ќе можат да даваат информации директно на Европската Комисија преку порталот на операторот на Регистарот на МПГЈ. Операторите може да даваат информации за нивните постројки и вградените емисии во произведените стоки со МПГЈ. Операторите може да решат дали сакаат да ги споделат таквите информации со увозниците во ЕУ. Целта на ова директно пријавување е да се намали административното оптоварување со тоа што податоците може да се пријават само еднаш и увозниците потоа едноставно ги користат тие податоци. Дополнително, директното пријавување овозможува ограничување пристап до некои чувствителни податоци само за релевантните власти.

Можете да ги најдете сите детали што се потребни да се пресметаат и да се пријават вградените емисии во водството и материјалите за е-учење кои се достапни на наменскиот веб-сајт: **Посетете:** https://encr.pw/QryJu

Често поставувани прашања
Документи за водство за оператори во трети земји
**Исто така достапно на** шпански, германски, француски, италијански, полски, арапски, кинески, индиски, корејски, украински **и** турски.

МПГЈ НА ЕУ и земји во развој
Образец за комуникација
Обрасци пополнети за пример
Снимен курс за тоа како да се користи образецот
Водство соодветно за секторот: вебинар и е-учење

**Ние исто така ве упатуваме редовно да го консултирате нашиот веб-сајт каде што се поставуваат нови материјали и алатки на редовна основа.**